Кофинансирано од
Европската Унија

Кофинансирано од
Шведска

# АНАЛИЗА НА РОДОВАТА КОМПОНЕНТА НА ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНИТЕ НОВО СЕЛО, РАДОВИШ И СТРУМИЦА

## (ПРОГРАМИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ И ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ)

Јануари, 2023

Проектот „Заедно кон родово одговорни заедници", имплементиран од Организација на жени од Струмица, е поддржан од Реактор – Истражување во акција и нивните партнери преку Акцијата „Унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување во ЕУ". Оваа акција е финансирана од Европската Унија и кофинансирана од Шведска.

Оваа анализа е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и кофинансирана од Шведска. Содржината е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и не ги изразува ставовите на ЕУ или Шведска.

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 2
ВОВЕД 3
1. МЕТОДОЛОГИЈА 5
1.2 Ограничувања во истражувањето 6
2. ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ 7
3. ОПШТИНА НОВО СЕЛО 8
3.1 Анализа на стратешките документи на општина Ново Село 8
3.2 Наоди од интервјуа и фокус групи 9
3.3 Анализа на податоци од теренско истражување 11
3.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Ново Село 12
4. ОПШТИНА РАДОВИШ 13
4.1 Анализа на програмите на општина Радовиш 13
4.2 Наоди од интервјуа и фокус групи 15
4.3 Анализа на податоци од теренско истражување 16
4.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Радовиш 17
5. ОПШТИНА СТРУМИЦА 18
5.1 Анализа на програмите на општина Струмица 18
5.2 Наоди од интервјуа и фокус групи 22
5.3 Анализа на податоци од теренско истражување 24
5.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Струмица 25
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 26
АНЕКС 1 27

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ГО | ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ |
| ЕЛС | ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА |
| ЕМЖМ | ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ |
| ЕУ | ЕВРОПСКА УНИЈА |
| КЕМЖМ | КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ |
| ЛЕР | ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ |
| ЛС | ЛОКАЛНА САМОУПРАВА |
| РОБ | РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ |

# ВОВЕД

Еден од основните елементи кои ја детерминираат демократијата во едно општество или заедница се еднаквите можности на сите граѓани. Оттука, застапеноста и примената на родово одговорни политики е директно поврзана и со степенот на демократизацијата во заедницата. Нивото на родова рамноправност во општеството зависи од развојот и примената на родово сензитивни политики и од тоа колку тие допринесуваат кон промена на дискриминаторните социјални и културни обрасци.

Родово сензитивните мерки и политики се од суштинско значење за приближување на нашата држава кон процесот на пристапување во Европската Унија. Република Северна Македонија бележи позитивни чекори во оваа област во однос на законската легислатива и стратешките документи (Закон за спречување и заштита од дискриминација[1], Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство[2], Закон за еднакви можности на жените и мажите[3] итн.). Сепак, имплементацијата на истите се уште не ги дава посакуваните резултатити. Особено, на локално ниво, се уште недоволно се применува партиципативната демократија, не постои еднакво учество на жените и мажите во процесите на планирање и интеграција на родовите прашања пред донесувањето на одлуките, ниту пак анализа на нивните потреби и анализа на влијанието на резултатите од донесените политики/програми/мерки врз мажите и жените.

Според Европската повелба за родова еднаквост на локално ниво[4], родовата еднаквост во едно општество или заедница подразбира еднакви можности за жените, мажите и лицата со поинаков родов идентитет за придонес кон културниот, политичкиот, економскиот и социјалниот напредок, како и еднакви можности за уживање на сите придобивки и добра од напредокот на заедницата. За да го оствариме тоа, од суштинско значење е родовата еднаквост да се третира и интегрира на адекватен начин како трансверзална и универзална тема во сите програми, а пред се да биде вградена во програмите и буџетите на општините.

Граѓанското учество на локално ниво е најдиректно и наједноставно, затоа што граѓаните можат да учествуваат во планирање и одлучување за прашања кои се поврзани со нивниот секојдневен живот и полесно можат да остварат непосреден контакт со носителите на одлуки. Оттука, може да се претпостави дека и политиката на еднакви можности на жените и мажите може најефикасно и наједноставно да се спроведе на локално ниво.

Поаѓајќи од тој факт, Организација на жени од Струмица, во рамки на проектот „Заедно кон родово одговорни заедници“ изврши родова анализа на програмите на три општини во

[1] https://www.mtsp.gov.mk/content/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

[2] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

[3] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf

[4] https://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf

Југоисточниот регион, со цел да утврди дали и колку истите придонесуваат за намалување на родовиот јаз на локално ниво.

Поконкретно, предмет на анализа беше родовата компонента на Програмата за еднакви можности на жените и мажите и Програмата за локален економски развој на општините Ново Село, Радовиш и Струмица.

Проектот „Заедно кон родово одговорни заедници“ се имплементира од страна на Организација на жени од Струмица. Истиот е суб-грантиран од Реактор – Истражување во акција во рамки на проектот „Унапредување на родовата еднаквост преку процесот на пристапување во ЕУ“, финансиран од Европската унија и кофинансиран од Шведска.

Долгорочната цел на проектот „Заедно кон родово одговорни заедници“ е насочена кон унапредување на родовата еднаквост во три општини во Југоисточниот регион преку воведување на принципот на родова рамноправност во целокупниот буџетски процес.

Проектот се имплементира во три општини - Ново Село, Радовиш и Струмица, во периодот од 01.02.2022 до 01.02.2023 година.




*Извор: Freepik*

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА

Користејќи го методолошкиот пристап на родово одговорно буџетирање, Организација на жени од Струмица изврши анализа на родовата димензија на програмите за еднакви можности и за локален економски развој на општините Ново Село, Радовиш и Струмица.

За потребите на анализата користени се квантитативни и квалитативни методи.

Во почетната фаза се пристапи кон кабинетско истражување и анализа на програми и политики на општините кои се однесуваат на родовата рамноправност, а кои се јавно објавени и достапни на официјалните интернет страници на општините. Беше анализирана родовата компонента на програмите за еднакви можности на жените и мажите и за локален економски развој (во општините кои располаагат со наведените програми) и стратешките документи кои ги регулираат овие прашања. Беа користени индикатори за утврдување на родовиот аспект на програмите, како: родови цели, активности за подобрување на родовата еднаквост, родово разделени податоци за корисниците на програмите, предвиден буџет итн.

За потребите на истражувањето, до трите општини беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер, со цел да се утврди дали општините користат родово разделени статистики во процесот на планирање, креирање, спроведување и следење и евалуација на општинските буџетски програми и дали и колку во овие процеси биле земени во предвид потребите, интересите и приоритетите на мажите и жените.

Заради утврдување на нивото на информираност на граѓаните за мерките кои ги преземаат локалните власти за намалување на родовата нееднаквост и степенот на задоволство од истите, се пристапи кон анкетирање на 300 граѓани во живо, лице во лице преку анкетен прашалник[5] (60 во Ново Село, 90 во Радовиш и 150 во Струмица).

За потребите на анализата беа спроведени и 9 разговори/интервјуа со претставници на локалните самоуправи на трите општини (градоначалници, координаторки за еднакви можности, претседатели/ки на КЕМЖМ и вработени во одделенијата за ЛЕР), 2 фокус групи со претставници на граѓански организации и 3 фокус групи со претставници на локалните самоуправи во општините Ново Село, Радовиш и Струмица (вработени во општинската администрација и членови на Советите на општините). Разговорите беа спроведени врз основа на претходно дефинирани полуструктурирани прашања и беа насочени кон утврдување на нивото на запознаеност на претставниците на локалните самоуправи со концептот на родова интеграција во локалните политики и со принципот на родово одговорно буџетирање и дали и колку истите ги применуваат во сите фази во процесите на програмирање и буџетирање. Целта на разговорите со претставниците на граѓанските организации беше насочена кон утврдување на степенот на задоволство од вклученоста на ГО во планирањето, дизајнот и спроведувањето на локалните политики во областа на

[5] АНЕКС 1

родовата еднаквост, како и нивната информираност за мерките за унапредување на родовата еднаквост во општините во кои што работат.

Во текот на анализата беше извршена евалуација и прибирање на податоци од секундарни извори на информации.

## 1.2 Ограничувања во истражувањето

Во текот на прибирањето податоци и спроведување на истражувањето наидовме на неколку ограничувања. Првото ограничување се однесува на недостаток на програми за еднакви можности на жените и мажите (Ново Село и Радовиш) и за локален економски развој во општина Ново Село. За да се минимизира влијанието на оваа појава врз заклучоците и препораките, пристапивме кон анализа на други стратешки документи на двете општини, како Интегрираниот план за локален развој на општина Ново Село (2019 – 2022) и буџетите на двете општини за 2022 година.

Друго ограничување беше недобивањето на повратна информација од раководството на општина Радовиш. Сепак, истото не влијаеше врз препораките и заклучоците, бидејќи беше минимизирано преку анализа на јавно достапните информации на официјалната интернет страница на општината и преку спроведување на интервјуа и разговори со претставници на локалната самуправа и на граѓански организации.

И конечно, во општина Ново Село не се спроведе фокус група со граѓански организации, од причина што на територијата на општината нема активни организации. Сепак, спроведовме доволен број на релевантни интервјуа и дискусии во фокус групи со останатите целни групи и на тој начин го минимизиравме ефектот од влијанието на ова ограничување врз наодите, заклучоците и препораките.

# 2. ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

- Законската обврска за креирање годишни развојни програми (Програми за еднакви можности на жените и мажите) ја исполнува една од трите општини опфатени со анализата. Струмица има донесено Програма за еднакви можности, за разлика од Ново Село и Радовиш. Ниту една општина не располага со Стратегија за еднакви можности. Процесот на изработка на стратегија е отпочнат само во општина Струмица, но трае подолго време и нема информации кога истиот ќе биде завршен.
- Две од три општини имаат донесено годишни програми за локален економски развој. Целите и мерките на Програмата за локален економски развој на Струмица не се родово сензитивни, односно нема дефинирани родови цели, приоритети и активности и различните потреби на жените и мажите не се земени во предвид. Не постојат родово разделени податоци и не може да се процени влијанието врз корисниците.

  Програмата за ЛЕР на општина Радовиш содржи одредени мерки кои може да влијаат на намалување на родовата нееднаквост. Иако нема јасно дефинирани родови цели и разделени податоци за корисниците на програмата, сепак предвиден е проект од социјалната сфера, преку кој се ангажираат асистенти за посета и грижа за стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и потешкотии во секојдневниот живот. Овој проект отвора можност за нови работни места. Дополнително, активноста за отворање на Центар за поддршка на жени жртви на насилство ќе влијае за намалување на родовата нееднаквост.
- Општина Ново Село нема предвидено средства за активности во областа на еднаквите можности. Ваквата состојба не придонесува за намалување на родовиот јаз во општината. Генерално, недостатокот од општински програми во општина Ново Село не дозволува сеопфатна родова анализа и утврдување на степенот на родова рамноправност во креирањето и имплементирањето на општинските програми.

  Анализата на буџетот покажа дека истиот не е родово одговорен, не ги зема во предвид специфичните потреби на жените и мажите. Во буџетот се предвидени средства за новороденi бебиња и за еднократна помош на лица со попреченост, што може да упатува на заклучокот дека корисници на овие средства би биле и жените. Сепак, од спроведените разговори со претставниците на ЛС може да се заклучи дека општината не презема мерки за намалување на родовата еднаквост.
- Ниту една од трите општини не применува родово разделени податоци во процесите на планирање и спроведување на програмите и буџетите.
- Претставниците на локалната самоуправа на трите општини не се доволно запознаени со концептот на родова еднаквост и неговата интеграција во политиките на општината. Немаат доволно знаења за примена на принципот на родово одговорно буџетирање. Потребна е дополнителна едукација и јакнење на капацитетите на општинската администрација и на членовите на Советите за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџети;
- Граѓанските организации не се вклучени во процесите на планирање и дизајнирање на родовите политики. Потребно е општините да зајакнат соработката со ГО.

# 3. ОПШТИНА НОВО СЕЛО

| Број на резидентно население[6] | |
|---|---|
| **Мажи** | 3.503 |
| **Жени** | 3.469 |
| **Вкупно** | 6.972 |

Општина Ново село има назначено координаторка за еднакви можности.

По локалните избори во 2021 година конституиран е новиот Совет, кој брои 15 члена, од кои 6 се жени и 9 советници се мажи. Процентуалната застапеност на жените во Советот на општина Ново Село изнесува 40% наспроти 60% мажи. Претседател на Советот е маж.

Во рамки на Советот на општина Ново Село формирани се седум комисии, меѓу кои и Комисијата за полова рамноправност[7], која брои 5 члена, од кои 4 се жени и 1 е маж. Со комисијата претседава маж.

Комисијата за финансии и локален економски развој ја сочинуваат 5 члена – 4 мажи и 1 жена. Со комисијата раководи маж.

За градоначалник на општината е избран маж.

**Можеме да заклучиме дека еднаквото процентуално учество на жените и на мажите во вкупниот број на население во општина Ново Село не се отсликува и во полето на одлучување и влијание.**

## 3.1 Анализа на стратешките документи на општина Ново Село

Општина Ново Село **не располага со програма во областа на еднаквите можности.**

Исто така, **не изготвува и годишни програми за локален економски развој**. Мерките и активностите во оваа област се интегрирани во стратешкиот документ Интегриран план за локален развој на општина Ново Село (2019 – 2022)[8].

[6] Државен завод за статистика; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146

[7] Назив според чл.44 од Статут на општина Ново Село; http://www.novoselo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%A1%D0%B5%D0%BB%D0%BE_2021_%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD_%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf

[8] http://www.novoselo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/06/%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82-%D0%98%D0%9F%D0%9B%D0%A0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%A1%D0%B5%D0%BB%D0%BE.pdf

Дел од активностите (проектите) на овој план содржат родова компонента:

- Активно вклучување на жените во процесите на носење одлуки;
- Изработка на стратешки документ за унапредување на родовата еднаквост;
- Обуки за Комисијата за родова еднаквост и администрацијата за родовите аспекти во политиките и буџетите;
- Поттикнување на женското претприемништво;
- Промовирање на фондовите и грантовите како шеми за поддршка на жените;
- Поддршка на жените во процесот на самовработување итн.

Сепак, овие компоненти не се вградени во буџетот на општината за 2022 година.

Од извршената анализа на буџетот на Општина Ново Село за 2022 година може да се види дека нема конкретни мерки за намалување на родовиот јаз. Иако во буџетот се предвидени средства за новородени бебиња и за еднократна помош на лица со попреченост, што може да упатува на тоа дека корисници на овие средства би биле и жените, сепак анализата на буџетот покажува дека истиот не е родово одговорен, не ги зема во предвид специфичните потреби на жените и мажите.

**Заклучок:**
**Општина Ново Село нема програма за родова еднаквост.**
**Во општинскиот буџет не се одвоени средства за програми и активности во областа на родовата еднаквост.**
**Родовата перспектива воопшто не е интегрирана во годишниот буџет, а непостоењето на општински програми го оневозможува задоволувањето на различните потреби и приоритети на мажите и жените.**
**Ова упатува на заклучокот дека е потребна родова сензитивност и дополнителна едукација на вработените во општинската администрација и на членовите на Советот на општина Ново Село.**

## 3.2 Наоди од интервјуа и фокус групи

Разговорите со претставниците на локалната самоуправа беа спроведени со цел да се утврди нивото на нивната информираност за концептот на родова еднаквост и за вклучување на родовата перспектива во процесите на планирање, креирање, спроведување, следење и евалуација на локалните политики. Во општина Ново Село нема активни граѓански организации и од таа причина не бевме во можност да ги слушнеме нивните ставови и мислења.

Спроведени се три интервјуа (градоначалник, раководител на Одделението за ЛЕР и координаторката за еднакви можности) и една фокус група со советници и вработени во

општинската администрација. На дискусијата во фокус групата учествуваа пет испитаници, од кои три жени и двајца мажи.

## Клучни наоди

- Родовата интеграција не е вклучена во политиките на општина Ново Село. Буџетот на општината за 2022 година е родово слеп;
- Претставниците на Советот и вработените во општинската администрација и не се доволно запознаени со концептот на родова еднаквост и неговата интеграција во политиките на општината;
- Градоначалникот, претставниците на Советот и координаторката за еднакви можности не се запознаени со механизмите за идентификување, анализа и вградување на специфичните потреби на жените и мажите во процесите на планирање и креирање на општинските програми и буџетот;
- Сите интервјуирани лица и учесници на фокус групата сметаат дека општината треба да располага со програма за еднакви можности, но поради недоволното знаење во оваа област имаат потреба од помош за изработка на истата;
- Општината е отворена за соработка со граѓански организации кои работат во областа на родовите прашања, заради пренесување на знаења и искуства за вградување на родовата перспектива во локалните политики;
- Советниците, вработените во општинската администрација и градоначалникот не се запознаени со концептот на РОБ и сметаат дека им е потребна едукација за примена на истиот во политиките и програмите на општина Ново Село;
- Општината не врши проценка на буџетот и буџетските програми од аспект на родовата рамноправност;
- Концептот на родово одговорно буџетирање не се применува во ниту една фаза на буџетскиот процес;
- Не постои пракса за собирање на родово разделени податоци и на мониторинг и евалуација на степенот на реализација на програмите од родов аспект;
- Општината не води родово разделени статистички податоци за корисниците на програмите;
- КЕМЖМ нема одржано ниту еден состанок во текот на 2022 година.

**Општиот заклучок е дека градоначалникот, општинските службеници и членовите на Советот на општина Ново Село се соочуваат со проблем и предизвик за интегрирање на родовата перспектива во општинските програми и буџет и имаат потреба од едукација и јакнење на капацитетите за концептите на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање.**

## 3.3 Анализа на податоци од теренско истражување

Со анкетниот прашалник беа опфатени вкупно 60 лица, од кои 32 жени и 28 мажи. Најголем број од испитаниците се со завршено средно образование (28) и со високо образование (20).

*Табела бр.1: Возрасна структура на испитаници во општина Ново Село*

| 15-19 години | 20-24 години | 25 – 29 години | 30-34 години | 35-39 години | 40-44 години | 45-49 години | 50-54 години | 55-59 години | 60-64 години | над 64 години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 10 | 5 | 2 | 3 | 9 | 11 | 4 | 5 | 5 | 5 |

70% од испитаниците кои имаат изјавено дека се запознаени со поимот родова еднаквост, сметаат дека истиот значи „еднакви права на мажите и жените“ и „еднаквост помеѓу мажите и жените“.

Високи 95% од анкетираните лица не знаат какви мерки презема општината за намалување на родовата нееднаквост.

Висок е процентот и на испитаниците (88%) кои не знаат дека општина Ново Село има назначено координаторка за еднакви можности, а дури 93% не се информирани за постоењето на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите во рамки на Советот на општината (КЕМЖМ). Само едно лице е запознаено со улогата на КЕМЖМ.

100% од анкетираните граѓани воопшто не се ни информирани дали општината располага со програма за унапредување на еднаквите можности, а само 3% знаат дека општината има дизајнирано мерки во областа на локалниот економски развој.

Најголем дел од испитаниците (82%) се имаат изјаснето дека не учествувале во граѓански консултации за прашања и проблеми поврзани со родовата еднаквост, од причина што во нивната општина не се организираат ваков вид на консултации.

Граѓаните немаат слушнато за значењето на поимот родово одговорно буџетирање. Само едно од анкетираните лица се има изјаснето дека „родовото буџетирање значи земање во предвид на потребите и на мажите и на жените во процесот на буџетирање“.

## 3.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Ново Село

- Спроведување на граѓански консултации со жените и мажите за идентификување на нивните потреби и приоритети.
- Да се воведе родовата перспектива во општинските програми преку користење на родова анализа на потребите на жените и мажите, што ќе доведе и до креирање на родово одговорен буџет.
- Имплементирање на родова перспектива во планирањето, креирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на буџетот и програмите.
- Да се подобрат знаењата на вработените во општинската администрација и на

членовите на КЕМЖМ за концептите на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање.

- Развој на програма и годишен акциски план со конкретни активности за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.
- Развој на родови индикатори во мерките/активностите на општинските програми, со што би се овозможило следење и проценка на истите, како и мерење на поставените цели.
- Користење на родово сензитивен јазик и собирање на родово разделени податоци за корисниците на буџетските средства и на сите програми на општината.
- Да се подобри соработката помеѓу координаторката за еднакви можности и КЕМЖМ, заради воведување на родовата компонента во сите програми и останати стратешки документи.
- КЕМЖМ да воведе практика на одржување на  редовни состаноци и практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот.
- Општината да воспостави механизам за соработка и консултации со граѓански организации и експерти кои работат во областа на родовата рамноправност заради воспоставување на родова компонента во  локалните политики.

# 4. ОПШТИНА РАДОВИШ

| Број на резидентно население[9] | |
|---|---|
| **Мажи** | 12.137 |
| **Жени** | 11.985 |
| **Вкупно** | 24.122 |

Од септември 2022 година во општина Радовиш нема координаторка за еднакви можности, а од октомври 2022 ниту заменик на координаторката. Општината нема именувано ново лице на позицијата координатор за еднакви можности.

По локалните избори во 2021 година конституиран е новиот Совет, кој брои 19 члена, од кои 9 се жени и 10 советници се мажи. Процентуалната застапеност на жените и мажите во Советот на општина Радовиш е речиси избалансирана. Со Советот претседава жена.

Во рамки на Советот на општина Радовиш функционираат 11 постојани комисии, меѓу кои и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, која брои шест члена, од кои 4 жени и двајца мажи. Со оваа комисија претседава жена.

Комисијата за ЛЕР брои пет члена (1 жена и четворица мажи), а претседател на истата е маж.

За градоначалник на општината е избран маж.

**Општина Радовиш не ја исполнува законската обврска во делот на механизмите за унапредување на родовата еднкавост, односно нема назначено лице на позицијата координатор за еднакви можности.**
**Сепак, може да се заклучи и дека застапеноста на жените во полето на одлучување во општина Радовиш е подобра во однос на општините Ново Село и Струмица.**

## 4.1 Анализа на програмите на општина Радовиш

### 4.1.1 Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година

Иако општина Радовиш нема Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022, Советот донел одлука за нејзино усвојување, а во одлуката е наведена една мерка: „Прибирање на родово статитички податоци“, во износ од 100.000 денари.

[9] Државен завод за статистика; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146

### 4.1.2 Програма за ЛЕР за 2022 година[10]

Вкупниот буџет на Програмата за ЛЕР изнесува 6.292.440 и истиот во однос на 2021 година е намален за 50% .

Во рамките на оваа програма предвидени се мерки за грижа на стари и изнемоштени лица и за лица со потешкотии во секојдневниот живот. Претпоставуваме дека оваа мерка ќе овозможи отворање на нови работни места, но не е јасно како истата ќе придонесе и за затворање или намалување на родовиот јаз, од причина што како лични асистенти за грижа на овие категории на граѓани најчесто се пријавуваат и ангажираат жени. Тоа значи дека повторно жените би биле во улога на негователки.

Преку реализација на проектот „Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче" од Програмата за ЛЕР на општина Радовиш за 2022 (Табела бр.2) издвоени се еден милион денари[11] за отворање на Центар за поддршка на жени жртви на насилство.

*Табела бр.2: Проект „Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче", Програмата за ЛЕР на општина Радовиш за 2022*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче | 1.000.000 | УНДП | Дигитализација на основните општински услуги со акцент на социјалната сфера, преку имплементирање на систем за управување со документи и создавање на услуги во рамките на воспоставување на меѓуопштинска соработка. | Јануари-Декември |

**Заклучок: Општина Радовиш не располага со Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.**
**Програмата за ЛЕР за 2022 година содржи две активности кои имаат родова перспектива. Сепак, програмата не располага со родово разделени податоци, ниту со буџет за родови приоритети.**
**Ваквата конципираност упатува на заклучокот дека е потребна родова сензибилизација и дополнителна едукација на вработените кои се вклучени во подготовка и изработка на програмите, како и на членовите на надлежните комисија за одобрување и усвојување на истите.**

## 4.2 Наоди од интервјуа и фокус групи

[10] Службен гласник на општина Радовиш бр.19/2021, стр.106; https://radovis.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Gl-19-21.pdf
[11] Службен гласник на општина Радовиш бр.19/2021, стр.107

Разговорите со претставниците на локалната самоуправа беа спроведени со цел да се утврди нивото на информираност за концептот на родова еднаквост и за вклучувањето на родовата перспектива во процесите на планирање, креирање, спроведување, следење и евалуација на локалните политики. Разговорите со претставниците на граѓанските организации беа спроведени со цел да се утврди нивниот став за нивото на нивна вклученост во овие процеси.

Спроведени се две интервјуа, едно со претседателка на КЕМЖМ и едно со раководител на Одделение за ЛЕР, како и две фокус групи (со граѓански организации и една фокус група со вработени во општинската администрација и со членови на Советот на општина Радовиш). Во дискусијата на фокус групата со претставници на ЛС беа опфатени 5 учесници (две жени и тројца мажи, а на фокус групата со ГО имаше шест жени).

## Клучни наоди

- Родовата интеграција не е вклучена во политиките на општина Радовиш. Општината не располага со Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година;
- Претставниците на локалната самоуправа и на граѓанските организации сметаат дека во општина Радовиш не се спроведуваат консултации при креирање на локалните политики, со цел да се идентификуваат и земат во предвид специфичните потреби на мажите и жените;
- Претседателката и останатите членови на КЕМЖМ, како и општинските службеници, не се запознаени со механизмите за идентификување, анализа и вградување на специфичните потреби на жените и мажите во процесите на планирање и креирање на општинските програми и буџет;
- Сите интервјуирани лица и учесници на фокус групите сметаат дека општината треба да располага со програма за еднакви можности. Според претседателката на КЕМЖ, во процесот на изработка на програмата неопходно е да бидат вклучени претставници на граѓански организации кои работат во областа на родовата рамноправност;
- Граѓанските организации сметаат дека затвореноста на општината за соработка со граѓанскиот сектор довела до зголемување на родовиот јаз во градот Радовиш и населените места ;
- Советниците и вработените во општинската администрација и дел од граѓанските организации не се доволно запознаени со концептот на РОБ и сметаат дека им е потребна едукација за примена на истиот во политиките и програмите на општината;
- Општината не врши проценка на буџетот и буџетските програми од аспект на родовата рамноправност;
- Концептот на родово одговорно буџетирање не се применува во ниту една фаза на буџетскиот процес;
- Не постои пракса за собирање на родово разделени податоци и на мониторинг и евалуација на степенот на реализација на програмите од родов аспект;

- Општината не води родово разделени статистички податоци за корисниците на програмите;
- КЕМЖМ не соработува со останатите комисии во рамки на Советот на општина Радовиш и нема воспоставено практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите на останатите комисии.

**Општиот заклучок е дека општинските службеници, членовите на Советот на општина Радовиш и граѓанските организации се соочуваат со предизвик и недоволно знаење за концептот на интегрирање на родовата перспектива во општинските програми и буџет и имаат потреба од дополнителна едукација и јакнење на капацитетите за концептот на родово одговорно буџетирање.**
**Потребно е да се зајакне и соработката помеѓу преставниците на локалната самоуправа и граѓанските организации во напорите за унапредување на родовата еднаквост во општина Радовиш.**

## 4.3 Анализа на податоци од теренско истражување

Со анкетниот прашалник беа опфатени вкупно 90 лица, од кои 55 жени и 35 мажи. Најголем дел од испитаниците се на возраст од 35 до 44 години (вкупно 25 испитаници). Повеќе од половина од анкетираните граѓани се со завршено средно (28) и високо образование (20).

*Табела бр.3: Возрасна структура на испитаници во општина Радовиш*

| 15-19 години | 20-24 години | 25 – 29 години | 30-34 години | 35-39 години | 40-44 години | 45-49 години | 50-54 години | 55-59 години | 60-64 години | над 64 години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 6 | 4 | 8 | 12 | 13 | 11 | 10 | 9 | 7 | 2 |

За најголем дел од испитаниците (над 90%) поимот родова еднаквост означува „еднакви права помеѓу мажите и жените“.

Повеќето од испитаниците, меѓу кои 40 жени, не се запознаени со мерките што ги презема општината во однос на намалување на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените.

25 од 90 анкетирани лица сметаат дека општината има именувано лице за еднакви можности, меѓутоа не знаат која е улогата на ова лице.

67% од испитаниците не знаат дека постои КЕМЖМ во рамки на Советот на општината.

Ниту едно лице не е запознаено со мерките на Програмата за еднаквите можности на општина Радовиш за 2022 година.

На прашањето „Дали сте запознаени со мерките на Програмата за локален економски развој на општината за 2022 година?“, само 19 испитаници одговориле дека се запознаени (9 мажи и 10 жени). Од нив, 17 сметаат дека мерките на оваа програма се повеќе насочени кон задоволување на потребите и приоритетите на мажите.

Најголем дел од испитаниците (91%) се имаат изјаснето дека не учествувале во граѓански консултации за прашања и проблеми поврзани со родовата еднаквост, од причина што општина не организира ваков вид на консултации.

25% од анкетираните граѓани имаат одговорено дека се запознаени со поимот родово одговорно буџетирање. Според најголем дел од овие испитаници, РОБ значи подеднаква распределба на буџетските средства за жените и за мажите.

## 4.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Радовиш

- Креирање и изработка на Програма за еднакви можности на жените и мажите, со партиципативно учество на сите засегнати страни.
- Општината да определи координатор и заменик координатор за еднакви можности.
- Да се воведе родовата перспектива во општинските програми преку користење на родова анализа на потребите на жените и мажите, што ќе доведе и до креирање на родово одговорен буџет.
- Имплементирање на родовата перспектива во планирањето, креирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на буџетот и програмите.
- Да се подобрат знаењата на вработените во општинската администрација и на членовите на КЕМЖМ за концептите на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање.
- Развој на родови индикатори во мерките/активностите на општинските програми, со што би се овозможило следење и проценка на истите, како и мерење на поставените цели.
- Користење на родово сензитивен јазик и собирање на родово разделени податоци за корисниците на буџетските средства и на сите програми на општината.
- Општината да го зајакне дијалогот и соработката со граѓанските организации заради воведување и подобрување на родовата компонента во сите програми и останати стратешки документи.
- КЕМЖМ да воведе практика на одржување на редовни состаноци и практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот.
- Општината да воспостави механизам за соработка и консултации со граѓански организации и експерти кои работат во областа на родовата рамноправност заради воспоставување на родова компонента во локалните политики.
- Формирање на тело за следење и оценка на мерките на општина Радовиш во областа на родовата еднаквост.

# 5. ОПШТИНА СТРУМИЦА

| Број на резидентно население[12] | |
|---|---|
| Мажи | 24.701 |
| Жени | 25.294 |
| Вкупно | 49.995 |

Општина Струмица има назначено координаторка за еднакви можности. По локалните избори во 2021 година конституиран е новиот Совет, кој брои 23 члена. Процентуалната застапеност на жените во Советот на општина Струмица изнесува 39% наспроти 61% мажи. Со Советот раководи маж.

По конституирањето на Советот избрани се и нови членови на работните тела (комисиите). Само три жени претседаваат со комисиите (10 постојани) во рамки на Советот на општината.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ) ја сочинуваат 5 советници, од кои 3 жени и двајца мажи. Претседател на КЕМЖМ е маж.

Комисијата за локален економски развој брои 5 члена (тројца мажи и 2 жени). Со истата раководи жена.

За градоначалник на општината е избран маж. Општина Струмица има и заменик градоначалник – жена.

**Можеме да заклучиме дека подеднаквото процентуалното учество на жените и на мажите во вкупниот број на население во општина Струмица не се отсликува и во полето на одлучување и влијание.**

## 5.1 Анализа на програмите на општина Струмица

### 5.1.1 Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година

Општина Струмица во 2022 година само делумно ја има интегрирано родовата перспектива во развојот и спроведувањето на локалните политики, пред се во Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година[13] и дел во Програмата за социјална заштита.

Приоритетните области на Програмата за ЕМЖМ се насочени кон:

[12] Државен завод за статистика; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146
[13] Сл.Гласник на Општина Струмица бр.27; стр.186; https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf

- ➢ Економско јакнење на положбата на жените;
- ➢ Родово одговорно образование;
- ➢ Учество на жените во јавниот и политичкиот живот;
- ➢ Спречување на родово базирано насилство.

Програмата е изработена од страна на координаторката за еднакви можности, во консултации и соработка со претставници на три граѓански организации и претседателот на КЕМЖМ. Вкупниот буџет на истата изнесува еден милион денари.

За остварување на целите предвидени се повеќе родови активности, како едукација и обуки за пристап на жените до пазарот на трудот, еднократна парична помош на самохрани родители, бесплатен престој во градинка за деца на самохрани родители, информативно - едукативни работилници за подигање на свеста на младите во средните училиште за родовата еднаквост, активности за спречување на родово базирано насилство и антидискриминација и за афирмација на женскиот спорт.

Во процесот на планирање на програмата не е пристапено кон идентификување и анализа на различните потреби и приоритети на жените и мажите, па оттука, најголемиот дел од алоцираните буџетски средства се насочени кон активности за јакнење или поддршка на жените.

Во голем дел од мерките на програмата не се воспоставени родови индикатори со кои би се овозможило следење и проценка на истите и мерење на поставените цели, како и мерење на промените во однос на жените и мажите, на девојчињата и момчињата (Табела 4).

*Табела бр.4: Индикатори - Програма за ЕМЖМ на општина Струмица; Цел: Економско засилување на жените*

| **СП. 1 Подобрување на економската состојба на жените<br>ЦЕЛ: Економско засилување на жените во општина Струмица** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **3. Намалување на пресметан данок на имот во висина од 50 % за самохрани родители** | Намален данок на имот на самохрани родители во Општина Струмица | Број на самохрани родители | 2022 | **Одлука на Совет на Општина Струмица** | Градоначалник и Совет на Општина Струмица |
| **4.Ослободување од плаќање на надоместок за престој во ЈОУДГ Детска радост за самохрани родители** | Без платна партиципација за деца на самохрани родители | Број на деца | 2022 | **Одлука на Совет на Општина Струмица** | Градоначалник и Совет на Општина Струмица ЈОУДГ Детска радост Струмица |
| **5.Еднократна парична помош од 6000 денари за самохрани родители** | Објавен јавен повик согласно критериуми за доделување на еднократна помош на самохрани родители и медиумско огласување | Број на лица кои аплицирале на јавниот повик<br>Број на огласувања | 2022 | **159.000,00** | Координатор за КЕМ Градоначалник на О.Струмица |
| **Вкупно С.П.1** | | | | **225.000,00 денари** | |

Координаторката за еднакви можности е запознаена со концептот на родово одговорно буџетирање, но смета дека при креирање на стратешките документи за намалување на родовата нееднаквост, како стретегија и годишни програми за еднакви можности на жените

и мажите, нема потреба од примена на РОБ затоа што мерките и активностите се насочени претежно кон жените (Табела 5).

*Табела бр.5: Мерки и активности од Програмата за ЕМЖМ за едукација, поддршка и јакнење на жените и девојчињата*

| С.П. 4 Спречување на родово базирано насилство<br>ЦЕЛ: Борба против родово базирано насилство, заштита и поддршка на жртвите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **1. Шелтер центар за згрижување на жртви на семејно насилство** | Згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство | - капацитет и број на легла во шелтер центар<br>- број на згрижени корисници<br>- број на групни и индивидуални сесии за психолошко јакнење на згрижени корисници<br>- број на економско зајакнати згрижени корисници (вработувања) | 2022 | -1.200.000 ден средства од програма за ЛЕР за социјална заштита | Општина Струмица и НВО Скај Плус Струмица |
| **2.Недоволна економска зајакнетост на жени жртви на семејно насилство по напуштање од Шелтер центарот** | Финансиска поддршка на 5 (пет) жени жртви на семејно насилство по напуштање на | -Број на жени кои добиле финансиска поддршка<br><br>-број на вработувања | 2022 | 5 (пет) жени со финансиска поддршка од 6.000,00 | Општина Струмица<br>КЕМ<br>Скај Плус Струмица |

| С.П. 2 Родово одговорно образование<br>Цел: Родово одговорно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **3. Промоција на девојки во нетипични спортови во училиштата и заедно за родова еднаквост** | – организирање на два настани за нетипични спортови<br>– Дводневен турнир „Куп на Карневалот 2022“ со учество на 4 екипи | -Број на девојчиња учеснички | Мај 2022 - Јуни | 200.000,00 | Одделение за спорт,<br>Одделение за образование,<br>Координатор за ЕМ<br>ЖФК Тиверија Струмица |

Координаторката за еднакви можности на општина Струмица не води родово разделена од причина што се соочува со недостаток на релевантни статистички податоци и поради големиот обем на останати работни задачи. Не располага и со податоци за влијанието на мерките од Програмата за ЕМЖМ, затоа што општината не врши родова анализа на расходите и немаат податоци за опфатот и влијанието врз корисниците. Поради тоа, не е познато кој имал поголема корист – жените или мажите.

**Заклучок:**
**Програмата располага со јасно дефинирани родови приоритети и цели. Предвидени се мерки и активности за заштита и поддршка на жените од семејно насилство, активности за економско јакнење на жените, за промоција и афирмација на женскиот спорт и за јакнење на свеста кај младите за еднаквите можности и недискриминацијата.**
**Најголем дел од мерките на програмата се насочени кон жените.**
**Не е применето родово одговорното буџетирање и нема родово разделени податоци за корисниицте на програмата.**

### 5.1.2 Програма во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2022

„Програмата е конципирана врз основа на одредени приоритети, активности и потреби на граѓаните, нотирани во стратешките документи кои ја обработуваат областа ЛЕР како општинска политика, изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страниза, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (форумски процес), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации" стои во годишната Програма за локален економски развој[14].

Вкупниот буџет на Програмата за ЛЕР за 2022 година изнесува 10 милиони денари.

Според раководителот на Одделението за локален економски развој, родовите аспекти и различните потреби и приоритети на жените и мажите се земени во предвид при изработката на програмата и се составен дел на истата. Како пример ги наведува пешачките патеки во новиозградениот парк, кои „се дизјанирани на начин да одговараат на потребите на мајките со деца во колички, затоа што анализата има покажано дека на таа локација има поголем број на мали деца".

Меѓутоа, анализата на програмата покажува дека целите и програмските активности не содржат родова компонента.

Развојни приоритети и цели на Програмата за ЛЕР на општина Струмица за 2022[15]:

„Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во текот на 2022 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот осврнувајќи се и прилагодувајќи се на епидемиолошките состојби во локалната заедница и државата - во услови на пандемија од КОВИД 19. Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни процеси согласно постојните стратешки документи".

Програмските активности се насочени кон јакнење на локалната економија преку промоција на стопанските можности, преку изработка на стратегии, поддршка на граѓански организации и на бизнис заедницата, поддршка на младински иницијативи за отпочнување бизниси, промотивни материјали итн.

Не постојат индикатори ниту за една мерка/активност, а не се воспоставени и родови индикатори со кои би се овозможило следење и проценка на истите и мерење на поставените цели. Нема податоци за планираниот опфат на целните групи и граѓаните (Табела 6). Невозможно е да се направи проценка која група би имала бенефит од програмските активности, дали жените или мажите.

---

[14] Сл.Гласник на Општина Струмица бр.27; стр.141 https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf

[15] Сл.Гласник на Општина Струмица бр.27; стр.141 https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf

*Табела бр.6: Активност во рамки на Програма за ЛЕР на општина Струмица за 2022*

| Р.бр | Опис на ставката (активноста) | Планиран Буџет (денари) | Време на реализација(месеци) | | | | | | | | | | | | Начин на реализа-ција | Извори на финанси рање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | | |
| 1. | **Промоција на стопански можности во општина Струмица** | 400.000,00 | | | | | | | | | | | | | ***Јавен повик*** | општина |

**Заклучок:**
**Програмата за ЛЕР на општина Струмица за 2022 година е родово слепа. Од анализата може да се заклучи дека не постојат родови цели и приоритети. Дефинираните активности не водат кон унапредување на родовата еднаквост.**
**Дополнително, програмата не располага со индикатори и родови индикатори, со родово разделени податоци, ниту со буџет за родови приоритети.**
**Ваквата конципираност упатува на заклучокот дека е потребна родова сензибилизација и дополнителна едукација на вработените кои се вклучени во подготовка и изработка на програмата, како и на членовите на надлежната комисија за одобрување и усвојување на истата.**

## 5.2 Наоди од интервјуа и фокус групи

Разговорите со претставниците на локалната самоуправа и на граѓанските организации беа спроведени со цел да се утврди нивото на нивната информираност за концептот на родова еднаквост и на вклучување на родовата перспектива во процесите на планирање, креирање, спроведување, следење и евалуација на локалните политики, како и за нивото на вклученост на граѓанските организации во овие процеси.

Спроведени се четири интервјуа (градоначалник на општина Струмица, претседател на КЕМЖМ, координаторка за еднакви можности и раководител на Одделение за ЛЕР), две фокус групи, од кои една со советници и вработени во општинската администрација (пет учесници – четири жени и еден маж) и една со претставници на граѓански организации (вкупно 6 учеснички).

## Клучни наоди

- Родовата интеграција во политиките на општина Струмица не е на задоволително ниво. Со исклучок на Програмата за ЕМЖМ и одредени мерки во Програмата за социјална заштита, останатите програми немаат родова компонента;
- Советниците и претставниците на граѓанските организации не се доволно запознаени со концептот на родова еднаквост и со мерките за унапредување на родовата еднаквост во општина Струмица;
- Градоначалникот, раководителот на Одделението за ЛЕР и координаторката за еднакви можности сметаат дека различните потреби на мажите и жените се вклучени во општинските програми, за разлика од членовите на Советот, кои мислат дека при планирањето и креирањето на програмите не се земаат во предвид специфичните потреби на мажите и жените;
- Според ГО, нивото на нивната вклученост во консултативните процеси има тренд на уназадување, односно постои ретрограден процес на нивното учество во процесите на планирање и креирање на општинските политики;
- Во планирањето на Програмата за ЕМЖМ за 2022 биле вклучени три граѓански организации, а во планирањето на програмата за 2023 година не се спроведени консултации со ниту една организација;
- Граѓанските организации не се запознаени со мерките на Програмата за ЛЕР, затоа што не биле вклучени во креирање на истата и не знаат дали содржи родова компонента. Информирани се само за повикот за поддршка на граѓански организации во рамки на програмата, но сметаат дека условите и критериумите не се родово сензитивни;
- Советниците, вработените во општинската администрација и граѓанските организации не се доволно запознаени со концептот на РОБ. Според нив, потребна е дополнителна едукација за примена на истиот во политиките и програмите на општина Струмица;
- Општината има формирано интерсекторска група која треба да се грижи за интегрирање на родовата компонента во сите програми. Сепак, координаторката за еднакви можности смета дека членовите на оваа група немаат доволно знаење за спроведување на овој процес во пракса и дека имаат потреба од дополнителна едукација;
- Општината не врши проценка на буџетот и буџетските програми од аспект на родовата рамноправност;
- Концептот на родово одговорно буџетирање не се применува во ниту една фаза на буџетскиот процес;
- Не постои пракса за собирање на родово разделени податоци и на мониторинг и евалуација на степенот на реализација на програмите од родов аспект;
- Општината не води родово разделени статистички податоци за корисниците на програмите;

- КЕМЖМ нема воспоставено практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот и не дава мислење за нив.

**Општиот заклучок е дека општинските службеници, членовите на Советот на општина Струмица и граѓанските организации се соочуваат со предизвик и недоволно знаење за концептот на интегрирање на родовата перспектива во општинските програми и буџетот и имаат потреба од дополнителна едукација и јакнење на капацитетите за концептот на родово одговорно буџетирање.**
**Потребно е да се зајакнење дијалогот и соработката помеѓу преставниците на локалната самоуправа и граѓанските организации во напорите за унапредување на родовата еднаквост во општина Струмица.**

## 5.3 Анализа на податоци од теренско истражување

Со анкетниот прашалник беа опфатени вкупно 150 лица, од кои 91 жена и 59 мажи. Од нив, 77 испитаници се од градот Струмица, додека 73 се од руралните средини. Најзастапена возрасна група на испитаници е онаа од 40 до 44 години (вкупно 39).

*Табела бр.7: Возрасна структура на испитаници во општина Струмица*

| 15-19 години | 20-24 години | 25 – 29 години | 30-34 години | 35-39 години | 40-44 години | 45-49 години | 50-54 години | 55-59 години | 60-64 години | над 64 години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | 14 | 3 | 16 | 23 | 39 | 12 | 8 | 8 | 8 | 8 |

Најголем број од испитаниците се со завршено средно и високо образование (120). Од нив, 39 жени се со средно образование и 36 со високо образование, додека 25 мажи се со средно и 20 со високо образование.

78% од испитаниците кои имаат изјавено дека се запознаени со поимот родова еднаквост, сметаат дека истиот значи „еднакви права на мажите и жените“ и „еднаквост помеѓу мажите и жените“. Сепак, сите се согласни дека се потребни камапањи за  подигнување на свеста за родовата еднаквост.

Голем е процентот на граѓаните (86%) кои воопшто не знаат и не се запознаени со мерките што ги презема општината за намалување на родовата нееднаквост. Само 21 граѓанин се информирани за мерките, од кои 6 мажи и 15 жени. Најголем број од испитаниците кои се запознаени со мерките кои ги презема општината за намалување на родовата еднаквост се делумно задоволни од нив и сметаат дека истите се делумно корисни.

Високи 81% од испитанците не  знаат дека општината има назначено координаторка за еднакви можности. Ист е процентот и на граѓаните кои не се информирани за  постоењето на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите во рамки на Советот на општина Струмица (КЕМЖМ). Повеќе од половина од испитаниците кои се изјасниле дека се

информирани дека во општината има назначено лице за еднакви можности и за постоењето на КЕМЖМ, не знаат која е нивната улога.

Голем е процентот на граѓани (91%) кои не се запознаени со Програмата за унапредување на еднаквите можности за 2022 година. Од вкупно 137 испитаници кои одговриле дека не се запознаени со мерките, 83 се жени. Иста е и состојбата со информираноста за мерките на Програмата за локален економски развој на општината за 2022 година. Само 8% имаат одговорено дека се запознаени со мерките на оваа програма.

Најголем дел од испитаниците не се информирани за механизмите на граѓанско учество во општина Струмица,  со цел да ги искажат своите потреби, проблеми и да изнајдат решенија во областа на еднаквите можности и локалниот економски развој.

Речиси 50% од граѓаните кои се имаат изјаснето дека учествуваат на јавни расправи, форуми на заедницата и други јавни средби за подобрување на политиките за еднакви можности, одговориле дека за ваквите настани се информираат преку граѓанските организации (18) и преку други луѓе (12).

Концептот на родово одговорно буџетирање е исто непознаница за граѓаните на општина Струмица. Само 23% од анкетираните лица одговориле дека се запознаени со овој концепт. Според нив, поимот родово одговорно буџетирање значи „земање во предвид на потребите на мажите и жените при креирање на буџетот“, „распределба на средствата според полот“, „еднакво земање во предвид на потребите и на мажите и на жените при носење на буџетот“ и сл.

## 5.4 Препораки за унапредување на родовата еднаквост во општина Струмица

- Да се воведе родовата перспектива во општинските програми преку користење на родова анализа на потребите на жените и мажите,  што ќе доведе и до креирање на родово одговорен буџет.
- Имплементирање на родовата перспектива во планирањето, креирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата  на буџетот и програмите.
- Да се зајакнат капацитетете на интерсекторската група за родово одговорно буџетирање за примена на принципот на РОБ во програмите и општинскиот буџет.
- Да се подобрат знаењата на вработените во општинската администрација и на членовите на Советот на општина Струмица (особено на КЕМЖМ) за родово одговорно буџетирање.
- Да се развијат и постават родови цели во сите програми на општината.
- Развој на родови индикатори во мерките/активностите на општинските програми, со што би се овозможило следење и проценка на истите, како и мерење на поставените цели.
- Собирање на родово разделени податоци за корисниците на сите програми на општината.
- Општината да го зајакне дијалогот и соработката со граѓанските организации заради воведување и подобрување на родовата компонента во сите програми и останати

стратешки документи.

- КЕМЖМ да воспостави практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот и да дава мислење за нив;
- Подобрување на соработката помеѓу КЕМЖМ и останатите комисии во рамки на Советот на општина Струмица;
- Формирање на тело за следење и оценка на мерките на општина Струмица во областа на родовата еднаквост.

# Користена литература


Закон за спречување и заштита од дискриминација; https://www.mtsp.gov.mk/content/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство; https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

Закон за еднакви можности на жените и мажите; https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf

Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Струмица за 2022; https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf

Програма за локален економски развој на општина Струмица за 2022; https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf

Буџет на општина Струмица за 2022; https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/101.-Buxet-22-po-sednica-Komplet.pdf

Програма за локален економски развој на општина Радовиш за 2022; https://radovis.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Gl-19-21.pdf

Буџет на општина Радовиш за 2022; https://radovis.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Gl-20-21-1.pdf?fbclid=IwAR3Y1Wrt-LcatcCOxUtJMScr1qRUMFndBiDcvfPJkgRiCazrzIsA2kob5m4

Интегриран план за локален развој на општина Ново Село (2019 – 2022); http://www.novoselo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/06/%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82-%D0%98%D0%9F%D0%9B%D0%A0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%A1%D0%B5%D0%BB%D0%BE.pdf

Буџет на општина Ново Село за 2022; https://www.novoselo.gov.mk/dokumenti/%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be-%d1%81%d0%b5%d0%bb%d0%be-%d0%b7%d0%b0-2022-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0/

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија; https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146

The European Charter for Equality of Women and Men in Local Life; https://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf

# АНЕКС 1: Анкетен прашалник за граѓаните

**1. Име и презиме на лицето кое се анкетира** (доколку лицето не сака да го даде своето име и презиме, запишете ги неговите иницијали)

**2. Реден број на анкетираното лице** (редниот број започнува од 001)

**3. Пол**

1) маж
2) жена
3) друго

**4. Возрасна група на испитаникот/чката** (врз основа на возраста на лицето, анкетарот/ката ја заокружува возрасната група):

1) 15 - 19 години
2) 20 - 24 години
3) 25 - 29 години
4) 30 - 34 години
5) 35 - 39 години
6) 40 - 44 години
7) 45 - 49 години
8) 50 - 54 години
9) 55 - 59 години
10) 60 - 64 години
11) над 64 години

**5. Кој е степенот на Вашето заокружено образование**

1) Без образование –знае да чита и пишува
2) Незавршено основно образование
3) Завршено основно образование
4) Незавршено средно образование
5) Завршено средно образование
6) Више образование
7) Високо образование
8) Друго, наведи ____________

**6. Место на живеење**
1) Град
2) Село

**7. Дали сте слушнале за помите родова еднаквост и рамноправност?**

1) Да (Оди на прашање 8)
2) Не (Оди на прашање 9)

**8. Според Вас, што значат поимите родова еднаквост и рамноправност?**

**9. Дали знаете какви мерки презема Вашата општина за намалување на нееднаквоста меѓу мажите и жените?**

1) Да, знам (оди на прашање 10)
2) Не, не знам (оди на прашање 12)

**10. Со кои мерки сте запознаени? (оди на прашање 11)**

**11. Дали сте задоволни од мерките кои ги презема вашата општина за намалување на родовата нееднаквост и дали сметате дека тие се корисни?**

| **11.1 ЗАДОВОЛСТВО** | **11.2 КОРИСНОСТ** |
|---|---|
| 1. Потполно<br>2. Делумно<br>3. Не | 1. Потполно<br>2. Делумно<br>3. Не |

**12. Дали знаете дека во општината има именувано лице за еднакви можности – Координатор/ка за еднакви можности на жените и мажите?**

1) Да (оди на прашање 13) 2) Не (оди на прашање 14)

**13. Дали знаете која е улогата на Координаторот/ката за еднакви можности во вашата општина?**

1) Да - Ве молиме, наведете _________ ______________________________________________________________________
2) Не

**14. Дали сте информирани за постоењето на Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите во рамки на Советот на општината (КЕМЖМ)?**

1) Да (оди на прашање 15) 2) Не (оди на прашање 16)

**15. Дали знаете која е улогата на КЕМЖМ?**

1) Да - Ве молиме, наведете _________ ______________________________________________________________________
2) Не

**16. Дали сте запознаени со мерките на Програмата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на општината за 2022 година?**

1) Да - Ве молиме, наведете _________ ______________________________________________________________________
2) Не (оди на прашање 18)

**17. Дали сметате дека мерките на Програмата за ЕМЖМ на општината за 2022 година подеднакво ги одразуваат потребите и приоритетите на мажите и жените?**

1) Да
2) Не, повеќе се насочени кон потребите и приоритетите на мажите
3) Не, повеќе се насочени кон потребите и приоритетите на жените

**18. Дали сте запознаени со мерките на Програмата за локален економски развој на општината за 2022 година?**

1) Да - Ве молиме, наведете _________ ______________________________________________________________________
2) Не (оди на прашање 20)

**19. Дали сметате дека мерките на Програмата за локален економски развој на општината за 2022 година подеднакво ги одразуваат потребите и приоритетите на мажите и жените?**

1) Да
2) Не, повеќе се насочени кон потребите и приоритетите на мажите
3) Не, повеќе се насочени кон потребите и приоритетите на жените

**20. Дали некогаш сте оствариле средба со Координатор/ка за еднакви можности во Вашата општина?**

1) Да
2) Не

**21. Дали некогаш сте оствариле средба со член/ови на КЕМЖМ во Вашата општина?**

1) Да
2) Не

**22. Дали некогаш сте оствариле средба со претставници на Локалната самоуправа кои се надлежни за прашања во областа на локалниот економски развој (вработени во општината и/или советници)?**

1) Да - Ве молиме, наведете _________ ___________________________________________________________________
2) Не

**23. Дали сте учествувале во јавни расправи, дебати, форуми на заедницата, состаноци во месната заедница во Вашата општина, средби со претставници на Локалната самоуправа со цел искажување на потребите, споделување на проблемите и изнаоѓање решенија во областа на еднаквите можности и локалниот економски развој?**

1) Да, еднаш (оди на прашање 24)
2) Да, неколку пати (оди на прашање 24)
3) Не, не сум бил/а известен/а за таков настан (оди на прашање 25)
4) Не, во нашата општина не се одржуваат такви настани (оди на прашање 25)

**24. Доколку сте учествувале, на кој начин бевте информирани?**

1) Веб страната на општината
2) Фејсбук страната на општината
3) Покана од општината/Советот
4) Огласна табла на општината
5) Дознав преку други луѓе
6) Преку граѓанска организација
7) Месна заедница
8) Локални медиуми
9) Друго ___________

**25. Дали општината подеднакво се грижи и презема мерки за остварување на различните интереси и потреби на жените и мажите?**

1) Да
2) Не, не се грижи и не презема мерки ниту за жените, ниту за мажите
2) Се грижи и презема мерки само за жените

3) Се грижи и презема мерки само за мажите

**26. Кои се вашите специфични потреби и приоритети што треба да ги земе во предвид Локалната самоуправа при креирање на буџетот, а кои ќе влијаат на подобрување на положбата и квалитетот на Вашиот живот во заедницата?**

**27. Според Вас, дали од буџетот на општината имаат подеднаква корист и мажите и жените?**

1) Да
2) Не, поголема корист имаат жените
3) Не, поголема корист имаат мажите

**28. Дали сте слушнале за поимот родово одговорно буџетирање?**

1) Да (оди на прашање 29) 2) Не (оди на прашање 30)

**29. Според Вас, што претставува родово одговорното буџетирање?**

**30. Какви мерки треба да преземе општината за унапредување на еднаквоста меѓу жените и мажите во Вашата заедница?**